Започнаа активностите за проценка на отвореноста на владините институции, односно вклученоста на граѓанското општество во процесот на подготовка на законите. Во проценката се користат прашалници што се испратени до 23 државните институции. Прашалникот ја опфаќа општата комуникација и поддршка на министерствата за вклучување на граѓанското општество во своето работење.




По овој, ќе следува уште еден прашалник што ќе се однесува на процесот на подготовка на актите. Ќе бидат избрани конкретни акти, а критериумите ќе се однесуваат на комуникацијата и поддршката на средината за учество на јавноста во поединечни министерства и во други органи на државната управа. Актите што ќе бидат избрани ќе бидат дел од Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија. Ќе се следат и некои од минималните стандарди на консултации, на пример, период за консултации, извештај за повратни информации итн.

Покрај прашалниците, постојано ќе се набљудува (на интернет) и примената на правилата за транспарентно учество на јавноста за сите одбрани акти.

Одговорите на прашалниците ќе бидат основа за посебна анализа, а резултатите од неа ќе бидат дебатирани и публикувани.

Активностите се дел од проектот Огледало на владата учество на јавноста во процесите на подготовка на закони“ кој е поддржан од Европската Унија од инструментот за човекови права и демократијата (ЕИДХР).